*Philological Studies 17, 2 , (2019) 63-81* **Изворен научен труд**
**УДК: 061(497.7)"1945/1963"**
**doi: 10.17072/1857-6060-2019-17-2-63-81**

# ПОЈАВАТА И БРОЈНОСТА НА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИТЕ ДРУШТВА ВО МАКЕДОНИЈА (1945 – 1963)

**Наташа Диденко**
*Државен музичко-балетски училишен центар*
*„Илија Николовски – Луј“*
*Скопје, Македонија*

**Клучни зборови**: фолкорно творештво, музички живот, културно-уметнички организации, урбани и рурални средини.

**Резиме**: Културно-уметничките друштва се важен дел од музичката култура во комплексот на научните проучувања на културната историја на Македонија. Во трудот, врз основа на анализа на содржината на архивски материјали и постоечка литература, се врши увид во појавата и бројноста на културно-уметничките друштва, коишто биле формирани и дејствувале во урбаните и во руралните средини, од формирањето на македонската национална држава до катастрофалниот земјотрес во Скопје.

# CULTURAL AND ARTISTIC ASSOCIATIONS IN MACEDONIA (1945 – 1963)

**Nataša Didenko**
State Music and Ballet School Center
“Ilija Nikolovski- Louis”
*Skopje, Macedonia*

**Key words:** folklore, music life, cultural-artistic associations, urban and rural areas.

**Summary:** Cultural and artistic associations are an important part of the scientific study of Macedonia’s cultural history. In this paper, I make a review of the occurrence of cultural-artistic associations, which were active in urban and rural areas from the beginning of the Macedonian nation state to the devastating earthquake in Skopje, based on archive materials and existing literature.

Во периодот по Втората светска војна, Македонија за прв пат ја конституирала својата државност. Овој историски миг го поттикнал македонскиот народ да ја обновува својата земја и да го изградува својот општествен, социјален, стопански, културен и музички живот (Диденко, 2017а: 170). Во контекст на нашиот предмет на истражување, стремежот на македонскиот народ бил да го прикаже автентичното фолклорно народно творештво, коешто го создавале нашите предци, низ векови, како наше трајно духовно уметничко наследство, како белег и неизбришливо сведоштво на сопствениот национален и културен идентитет (Тренески, 1999: 17).

Во таа смисла, во сите селски и градски средини на Македонија започнале да се формираат многубројни културно-уметнички друштва (натаму: КУД), во чии рамки, преку песнопојното, ороводното и инструменталното фолклорно творештво (Диденко, 2017б: 166), се давало значаен придонес во развојот на музичкиот живот во Македонија.

Првото КУД било формирано во Скопје, на 12 мај 1945 година под името *Железничко културно уметничко-друштво* (ЖКУД) *Владо Тасевски,* на иницијатива на железничарите од Скопската ложилница во Кранговата палата на ул. Македонија (в. ил. 1). Во истата година биле формирани *КУД Таше Милошевски* во Ресен (Диденко, 2017: 71), *КУД Бајрам Шабани* во Куманово и *КУД Металец* во Скопје, коешто во 1946 година било преименувано во *КУД Орце Николов* („Орце Николов“ – ансамбл за <...>, 2002).

На 29[1] септември 1946 година, било формирано *КУД Кочо Рацин* во Скопје. За прв претседател на друштвото бил именуван Димче Бојановски-Дизе, тогашен министер за трговија во Владата на Народна Република Македонија (натаму: НРМ) (Цветановска, 2001: 11–12). Истата година во Прилеп, на иницијатива на Данче Шиндиловски, а со дополнителна помош од просветните органи и работници, бил формиран првиот мешовит хор, кој, за кратко време прераснал во *КУД Борка Левата* (Поповски, 1956: 4). На 28 декември 1946 година, од страна на Месниот синдикален совет на Тетово било формирано *КУД*

[1] Музикологот Јелица Тодорчевска, за датум на основањето на *КУД Кочо Рацин* го наведува 25 септември 1946 година (Јован, Павловски, ред. *Сто македонски години 1903–2003: енциклопедиски лексикон.* Скопје: МИ-АН., 2004: 411).

*Ињо Антески-Смок,* коешто со работа започнало во 1947 година (Светозаревиќ-Покорни, 2017: 76).



Ил. 1. Членови на *Железничкото културно-уметничко друштво Владо Тасевски* (12 мај 1945)[2].

Во текот на 1946 година во Куманово бил формиран првиот мешовит хор составен од 38 членови, а кон крајот на истата година била формирана и фолклорна група, како секција при Месниот синдикален совет. Иако не постоела официјална одлука за конституирањето на *КУД Панче Пешев*[3], сепак, тоа било почеток на друштвото, кое во наредната 1947 година се комплетирало со останатите предвидени секции (Арсовски-Болто, 1996: 27). Во текот на истата година било формирано КУД Лиман Каба. Всушност КУД,

---

[2] Фотографијата е земена од Јовица Трајановски – поранешен секретар на *ЖКУД Владо Тасевски*.

[3] *КУД Панче Пешев* претставува обнова на поранешното *КУД Абрашевиќ,* коешто било формирано во 1926 година во Куманово, на иницијатива на Независните синдикати. За прв претседател на друштвото бил именуван Страхил Бајловски – трговски помошник и претседател на Месниот синдикален совет (Миодраг, Арсовски-Болто. 1996. *Културно уметничко друштво „Панче Пешев“ Куманово.* Куманово: КУД „Панче Пешев“: Просвета, 15.)

коешто било формирано претходно во 1943 година, било преименувано според името на народниот херој – Лиман Каба (Borova, 1997: 15).

Во 1947 година во Скопје биле формирани *Младинското културно-уметничко друштво* (натаму:МКУД) *Благоја Шошолчев* (Д., 1951: 2), *КУД Емин Дураку* и *КУД Јени Јол,* (Димчевски, 1983: 212–213). Во истата година биле формирани и следните КУД: синдикалното *КУД Нико Пусовски* во Кичево (К., 1951: 2) и *КУД Кочо Рацин* во Титов Велес (КУД „Кочо Рацин“ ја слави <...> , 1952: 3).

Во почетокот на 1948 година било формирано *КУД Џеладин Зекири* во Тетово (Ј., 1950: 2). Во истатата година било формирано и *КУД Братство* во с. Ростуше, Дебарска околија (П., 1951: 2).

Во 1949 година во Скопје бил основан првиот професионален ансамбл под првобитното име *Државен ансамбл за народни игри и песни на НРМ* со следните задачи: да го негува, да го развива и да го подига уметничкото значење на народните игри; да ги негува, да ги обработува и да ги разработува народните песни; да изработува програми со народни игри и песни и да ги претставува на јавни уметнички настапи (Службен весник на НРМ, бр. 8/49: стр 73). Во 1953 година бил преименуван во *Ансамбл за народни игри и песни на НРМ „Танец“* и како презентер на македонското фолклорно творештво, давал и до денес дава придонес за зачувување на: духовното, културното и материјалното наследство, но и за понатамошно пренесување на музичките изворни традиции и обичаи на помладите генерации (Државен Архив на Република Македонија, Скопје (натаму: ДАРМ), Фонд: Ансамбл за <...>). Истата година во Скопје биле формирани: *Академското културно-уметничко друштво* (натаму:АКУД) *Мирче Ацев* при Универзитетот Св „Кирил и Методиј“ (Димчевски, 1983: 214); *КУД Христијан Карпош*, коешто во 1951 година било преименувано во *КУД Народен Милиционер* (Годишно собрание на КУД „Христијан Карпош“, 1951: 2) и *КУД Димитар Влахов* во населбата Автокоманда – Скопје (Матиќ, 1951: 4). Во истата година биле формирани културно-уметнички друштва и во другите градови на Македонија: *КУД Ванчо Прке* во Виница (Ѓоргиев и Герасимов, 2000: 19); *КУД Стамен Манов* во Кочани (Кочани и Кочанско од...., 2003: 242) и *КУД Реџеп Абаш* во Охрид, кое, до 1958 година било едно од најактивните КУД во градот (Г. 1964: 4).

Во 1950 година, на иницијатива на група селани и учители од осмолетката во с. Цапари–Битолско, било формирано *КУД Мирче Веловски*. (КУД „Мирче Веловски“ од Цапари едно од <...>, 1959: 4).

На 6 јули во истата 1950 година, во рамките на „Неделата на националната култура“ и Вториот конгрес на културно-просветните друштва на НРМ, Градскиот сојуз на КУД во Скопје формирал две КУД: едно КУД во градежното претпријатие *Бетон* и едно *КУД во Трети реон* (Јанев, ред, 1950: 2), додека Градскиот сојуз на КУД од Гостивар го формирал *КУД Аки Баши* (Првите настапи на <...>, 1950:2). Во истата година и во Струмица било формирано *КУД Борис Кидрич*, со музичка и драмска секција (Аџипроданова, 1960: 4).

Во јануари 1951 година *КУД Орце Николов* од Скопје, се обновило како *Друштво на металците и граѓевинарите*. Меѓутоа, поради недоволна активност во ноември граѓевинарите се одделиле од металците и КУД „Орце Николов“ станало *„КУД на металците,* додека *КУД Кочо Рацин* од Скопје станало *КУД на граѓевинарите* (К., 1952: 4).

Во наредните години биле формирани следните културно-уметнички друштва: во 1952 година биле формирани *КУД Хади Башам* во Гостивар (Активноста на КУД „Хади....“, 1952: 5) и *КУД Кочо Андре* во Крушево (ДАРМ: Фонд: 1956, 01.1013.0002.0066/0235 – 0241). Во 1953 година во Кочани било формирано *КУД,* коешто работело при Шумско-индустрискиот комбинат *Борис Кидрич* (Кочани и Кочанско од <...>, 2003: 242). Во 1954 година бил формиран Ансамбл *Керамичар* во Велес (Диденко, 2017: 142–143) и во 1955 година било формирано *КУД Кардашлак* во Охрид (Агенција за иселеништво на <...>).

Во истражувањето за појавата и бројноста на КУД во Македонија, од голема помош ни беа необјавените и објавените извори по Втората светска војна, од фондовите на ДАРМ. Според податоците од фондот „Советот за просвета и култура на НРМ (1956–1957)“ во 1956 година била направена анализа на КУД во Македонија врз основа на следните податоци: назив и основање на друштвото; број на членови во друштвото: одделно машки/женски; по професија: службеници, работници, занаетчии и останати професии; по старост: од 25 години, од 30 до 40 и над 40 години; вид на секции; бројност на членови по секциите и број на организирани настапи од страна на друштвото или на секциите. Исто така била направена анализа и на стручниот кадар во одделните секции врз основа на овие податоци: Колку диригенти работат во друштвото–со наведување на нивни податоци: име и презиме, школска подготовка, години на служба, возраст, занимање, зафатеност во организации? Какви врски одржува друштвото со други друштвени организации како: заедницата на Републичко културно-

просветна организација со Народна просвета и културно-уметничките друштва од другите места? Со какви реквизити располага друштвото: музички инструменти, музичка литература, костими и друго? Со какви средства располага друштвото: дотации, сопствени приходи и др. (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0065/0231 – 0234.).

Анализи биле направени во повеќе општини и тоа, во Крушево дејствувало *КУД Кочо Андре.* Управата на друштвото ја сочинувале: службеникот Вангел Стојаноски и секретарот на друштвото Миху Андрески со завршен IV клас гимназија со мала матура, учителот по музика Киро Тагас, кој подоцна бил именуван за директор на историкиот музеј во Крушево, Бранко Благоески – директор на осумгодишното училиште во Крушево, службеникот Косту Чонески – со завршен II клас гимназија, службеничката Ленче Михајлоска – со завршен I клас гимназија и Ѓоко Андрески-Бојаџија од Крушево, кој бил насочен кон музиката. Друштвото, својата активност, најмногу ја манифестирало преку драмската и музичката секција без присуство на стручно образован кадар. Музичката секција била составена само од 14 машки лица на возраст од 20 години. Друштвото немало свои простории за работа, меѓутоа при подготовки за приредба, се снаоѓало и ги користело просториите на осумгодишното училиште во Крушево (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0066/0235 – 0241).

Во општината Бистрица – Битолско, според направените анализи од страна на Советот за просвета и култура на НРМ во 1956 година, не постоеле културно-уметнички друштва, меѓутоа постоеле и работеле одредени секции и тоа: Пејачка група во с. Живојно, со вкупно 17 члена, сите жени. Со оваа група, повремено работел учителот Александар Алексовски, кој бил на 26-годишна возраст, со 6 години работно искуство. Тој бил и член во општинскиот одбор на Народна просвета. Досега настапиле три пати. Игроорната група била застапена низ повеќе села и тоа: во с. Бистрица – со 18 члена, дотогаш имале настапено 3 пати; с. Драгош – со 27 члена, дотогаш имале настапено 4 пати; с. Буково со 7 члена, дотогаш имале настапено 7 пати; с. Грешница со 12 члена, дотогаш имале настапено еднаш и с. Живојно со 11 члена, дотогаш имале настапено 5 пати. Во сите овие групи најчесто се изучувале народните ора од овој крај. Секциите бидејќи немале никакви финансиски средства, функционирале од помошта на задругите (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0067/0242 – 0249).

Според анализата за народното просветување во општината Новаци, не постоеле никакви друштва и секции (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0068/0250 – 0258).

Во општината Дихово – Битолско, активно било *КУД Мирче Веловски* с. Цапари – Битолско. Имало 65 члена, од кои 55 биле машки, а останатите биле 10 жени. Од вкупниот број на членството само 35 биле активни, а другите биле помагатели. Што се однесува до нивната возраст, членовите од 25 до 30 и од 30 до 40 години биле помногубројни, додека пак имало само еден член на возраст од 40 до 50 години. По професија членовите биле: службеници (3), занаетчии (4) и работници (вкупно 58). Во друштвото постоеле следниве секции: драмска и кино-секција, секција за народен фолклор, секција за читалиште и за народна просвета. Инаку, друштвото немало обезбедено соодветни простории за работа. Привремено се служело со просториите на Задружениот дом. Друштвото имало свои реквизити, меѓутоа не примало никакви додатоци. Функционирало на ограничени приходи, кои се остварувале сезонски од секцииите (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0069/0254 – 0258).

На територијата на општината Мариово не постоеле никакви културно-уметнички и секции. Биле потребни големи напори за формирање на истоимените, но и за привлекување на лица со извесно образование за да можат да работат во некои секции. Со поактивно дејствување и работа од нивна страна можеле да се формираат и успешно да работат групите и секциите, а посебно игроорната (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0072/0269–0273).

Според Извештајниот период од 1957 година работата на Советот за просвета и култура на НРМ се карактеризирала со напори за решавање на најактуелните задачи од областа на културата и нејзиното понатамошно организационо средување (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0001.0048/0658–0682). Преку спроведувањето на анализите за положбата на народно просветување низ определени општини, Советот за култура и просвета дошол до следните резултати: Во општината Долнени, по училиштата постоеле одделни секции и тоа: хорска, фолклорна, рецитаторска секција и др. Во однос на решавањето на кадровското прашање за обезбедување на стручни лица како диригенти на хорови, раководители на фолклорните секции и др. не биле преземени поголеми конкретни чекори, освен што општинскиот одбор стипендирал еден ученик од II година во Средното музичко образование (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0074/0276 – 0281).

Во општината Кривогаштани исто така не постоело ниедно КУД. Сите приредби биле организирани од страна на училиштата, во кои биле формирани секции. Стручни лица, од оваа област немало (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0076/ 0289 – 0294). Слична состојба преовладувала

и во општината Осломеј. Поради немањето соодветен стручен кадар и простории за работа не било формирано ниту едно КУД, ниту пак секции по училиштата (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0077/ 0295 – 0298).

Исто така и во општината Белчишта не постоело ниту едно КУД, но за разлика од другите општини постоеле нерегистрирани друштва што работеле по селата. Во општината работеле 4 пејачки групи, 2 игроорни и 6 дилетански групи. Овие групи биле формирани во основните училишта и нивната работа била постојана само во текот на изведувањето на наставата. Во текот на првото полугодие од учебната година биле дадени 12 приредби од пејачката група, 1 – од дилетанската и 15 приредби (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0078/ 0299 – 0304).

Во општината Прилеп постоеле пет КУД: *КУД Херој Борка Левата,* при Претпријатието за обработка на тутун, *КУД Мирче Ацев,* при Тутунскиот комбинат, Младинското *КУД Јордан Михајлоски-Оцка* при Вишата гимназија, КУД *Казим Шакироски* и *КУД Борка Левата.* (ДАРМ, Фонд: 01.1013.0002.0081/0311 – 0316).

Според податоците од Годинешниот извештај на Советот за култура на НРМ за дејноста на КУД, во 1958 година дејствувале 55 КУД во седумте околии на НРМ: Битолска, Кумановска, Охридска, Скопска, Тетовска, Титоввелешка[4] и Штипска околија (Службен весник на НРМ бр. 19, 1957, 325). Во следниот табеларен приказ се прикажани активните културно-уметнички друштва во 1958 година, кој истовремено претставува адресар/список на активните КУД во 7-те околии на НРМ (Диденко, 2017а: 179 –180):

**Табела бр. 1:** Адресар на културно-уметничките друштва на НРМ во 1958 година:

| | |
|---|---|
| **Битолска околија** | 1. КУД „Слога“ – с. Слепче, општина Демир Хисар<br>2. КУД „Стив Наумов“ – с. Црновец, општина Кукуречани<br>3. КУД „Кочо Андре“ – Крушево |

[4] По предлог на Владата на НРМ, а по желба на Окружниот и Градскиот народен одбор на град Велес во знак на признателност кон водачот на нашите народи Маршалот Јосип Броз-Тито, и согласно член 3 од Законот за изменение и дополнение на Решението за конституирањето на АСНОМ – Президиумот на Народното собрание на НРМ, на своето заседание од 10 октомври 1946 година го донел Законот за преименување на името на градот Велес во Титов Велес, и за преименување на округот и околијата во Титов Велешка (Чакарјаневски, Чепреганов Т. и С., Аврамовски, 2000: 147).

| | |
|---|---|
| | 4. КУД „Народна просвета“ – с. Долно Дивјаци, општина Крушево<br>5. КУД „Гоце Делчев-Блевата“ – Прилеп, ул. Латецот 100<br>6. КУД „Јордан Михајловски-Оцка“- Прилеп, Шк. Мирче Ацев<br>7. КУД „Стив Наумов“ – Битола |
| **Кумановска околија** | 8. КУД „Бајрам Шабан“ – Куманово<br>9. КУД „Вера Разавашка“ – Кратово<br>10. КУД „Панче Пешев“ – Куманово, ул. Маршал Тито бр.14<br>11. КУД „Магдалена Антевска“ – Куманово, ул. 11 октомври<br>12. КУД „Светлина“ – Крива Паланка, ул. Маршал Тито<br>13. КУД „Павле Станоев“ – Куманово, ул. Христијан Карпош |
| **Охридска околија** | 14. КУД „Реџеп Абаш“ – Охрид<br>15. КУД „Љиман Ќаба“ – Дебар, ул. Братство единство бр. 22<br>16. КУД „Душан Митрески“ – Брод (Македонски)<br>17. КУД „Кардашлак“ – Охрид<br>18. КУД „Сашо Огнен“ – Охрид<br>19. КУД „Нико Пусоски“ – Кичево, ул. Стојан Божиновски<br>20. КУД „Таше Милошевски“ – Ресен, ул. Ристо Герасимовски<br>21. КУД „Нико Нестор“ – Струга, кеј Борис Кидрич бр.10<br>22. КУД „Билјана“ – Охрид<br>23. КУД „Коста Абрашевиќ“ – Охрид |
| **Скопска околија** | 24. КУД„Орце Николов“ – Скопје, ул. Маршал Тито бр. 8<br>25. КУД „Кочо Рацин“ – с. Петровец, Скопско<br>26. КУД „Кочо Рацин“ – Ѓорче Петров, ул. Маршал Тито бр. 33<br>27. КУД „Коста Абрашевиќ“ – Скопје, Културен дом „Пролет“<br>28. КУД „Цветан Димов“ – Скопје |

| | |
|---|---|
| | 29. КУД „Железничко друштво „Владо Тасевски“ – Скопје<br>30. КУД „13 ноември“ – Скопје, 11 октомври бр.125, Тутунски комбинат<br>31. КУД „Драчево“<br>32. КУД „Мирче Ацев“ при Сојузот на глувите – Скопје, ул.99-9 |
| **Тетовска околија** | 33. КУД „Слободан Пеповски“ – Вруток<br>34. КУД „Димо Гавроски-Кара“ – Тетово<br>35. КУД „Јени Јахат“ – Тетово<br>36. КУД „Бистра“ – Галичник<br>37. КУД „Мара Исаевска“ – Тетово<br>38. КУД „Иљо Антески“ – Тетово, ул. Иво Лола Рибар бр.74<br>39. КУД „Браќа Гиновски“ – Гостивар, културен дом |
| **ТитовВелешка околија** | 40. КУД „Киро Спанџиев-Брко“ – при претпријатието за преработка на тутун, Кавадарци<br>41. КУД „Ристо Петров“ – с. Негорци, општина Гевгелија<br>42. КУД „Киро Димов“ – монопол, Титов Велес<br>43. КУД „Петре Поп Арсов“- Богомила<br>44. КУД железничарско „Кочо Рацин“ – Титов Велес, ул. Нови Велес бр.10 |
| **Штипска околија** | 45. КУД „Јане Сандански“ – Пехчево<br>46. КУД „Ацо Караманов“ – Радовиш<br>47. КУД „Единство“ – Тработивиште, општина Делчево<br>48. КУД „Напредок“ – Делчево<br>49. КУД „Стиф Наумов“ – с. Драмче, Делчевско<br>50. КУД „Гоце Делчев“ – с. Смолари<br>51. КУД „Современост“ – Штип<br>52. КУД „Ванчо Прке“ – Штип<br>53. КУД „Јени Севда“ – Штип<br>54. КУД „Мано Чолев“ – с. Митрашинци, општина Берово<br>55. КУД „Боро Џони“ – Струмица |

Во 1959 година биле формирани следните културно-уметнички друштва: *КУД Стамен Манов* во Кочани (Т., 1959: 4) и *КУД Сретко Крстевски* во Гостивар (Едногодишна плодна <...>, 1960: 4). Според

податоците од Републичкиот завод за статистика на Социјалистичка Република Македонија (натаму: СРМ), во периодот 1959/1960 година дејствувале вкупно 48 културно-уметнички и просветни друштва (Републички завод <...>, 1971: 239). За неповолната состојба во развојот на музичкиот живот во НРМ во рамките на КУД постоеле повеќе причини. Од една била незаинтересираноста и неангажираноста на општините и повисоките општествени фактори за развој на аматерската активност, додека од друга страна недоволниот интерес, ангажираност и инвентивност од страна на културно-уметничките друштва што резултирало со намалување на нивната активност и бројност (Диденко, 2017: 167–168). Во наредниот период, според Републичкиот завод за статистика на СРМ во 1960/1961 и 1961/1962 година дејствувале вкупно 51 културно-уметничко и просветно друштво (Републички завод <...>, 1971: 239).

Во 1963 година во с. Брвеница – Тетовско било формирано *КУД Вардар*. Во друштвото биле формирани драмска, хумористична, музичка, оркестарска и пејачка секција (К., 1979: 7). Во истата година на 26 јули, градот Скопје бил разурнат од катастрофалниот земјотрес. Загубата од земјотресот била огромна. Животот го загубиле 1 070 жители, над 3 300 биле ранети, 1 200 останале трајни инвалиди и повеќе од 150 000 останале без покрив на глава (Јордановски, 1993: 43). Земјотресот предизвикал и големи материјални штети врз развојот на: економијата, индустријата, стопанството, просветата, културата и оставил траен белег во развојот на културната историја на македонскиот народ. Од разурнувачката стихија не била поштедени ни зградите на институциите од областа на културата во градот Скопје и во околината. Во културно-уметничките друштва била уништена документацијата, инвентарот, музичко-сценските реквизити и др. Во наредниот период  за развојот на музичкиот живот во рамките на развитокот на културно-уметничките друштва, потребно било да се дозавршат започнатите нови домови на културата во помалите места, коишто требало да бидат средиште на културно-уметничкиот, културно-просветниот и културно-забавниот живот, но и да се обезбедат редовни средства за работата и настапите на културно-умтеничките друштва од буџетите на: општините, општествените и стопанските организации (ДАРМ: Фонд: 0045/0445-0460, 448-449).

Врз основа на горенаведените податоци можеме да заклучиме дека културно-уметничките друштва, имале свој историски тек и развој, со којшто дале значаен придонес во развојот на музичкиот живот во Македонија. Преку сублимираното претставување и надополнување на

досегашните сознанија за појавата и бројноста на културно-уметничките друштва во Македонија, во периодот од формирањето на македонската национална држава до катастрофалниот земјотрес во Скопје (1945 – 1963), можеме да заклучиме дека всушност тие биле главни „виновници“, коишто не дозволиле музичкото фолклорно творештво на Македонија да исчезне, туку напротив, придонеле да биде препознаено ширум светот. Нивната појава и нивниот развој овозможила заштита на културните вредности и афирмација на духовното и историското наследство на македонскиот народ и другите етнички заедници од Македонија.

## Архивски извори


Државен архив на Република Македонија. Фонд: Ансамбл за народни игри и песни „Танец“. Скопје: несреден архивски материјал.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. Fond: Ansambl za narodni igri i pesni *„Tanec“*. Skopje: nesreden arhivski material.]

Државен архив на Република Македонија. (29.10.1956). Фонд: 01.1013.0002.0065/0231 – 0234. *„Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): Распис – барање податоци од Советот за просвета и култура во врска со изработка на анализа за положбата на народното просветување во НРМ, доставено во општинските народни одбори со тези за анализа на народноо просветување* “. Скопје.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (29.10.1956) Fond: 01.1013.0002.0065/0231 – 0234. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Raspis – baranje podatoci od Sovetot za prosveta i kultura vo vrska so izrabotka na analiza za položbata na narodnoto prosvetuvanje vo NRM, dostaveno vo opštinskite narodni odbori so tezi za analiza na narodnoto prosvetuvanje*“. Skopje.]

Државен архив на Република Македонија. (15.11.1956). Фонд: 01.1013.0002.0066/0235 – 0241. „*Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): Анализа за положбата по народното просветување во општината Крушево“*. Скопје.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (15.11.1956). Fond: 01.1013.0002.0066/0235 – 0241. *„Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata po narodnoto prosvetuvanje vo opštinata Kruševo“*. Skopje.]

Државен архив на Република Македонија. (17.11.1956). Фонд: 01.1013.0002.0067/0242 – 0249. *„Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): Анализа за положбата по народното просветување во општината Бистрица“*. Скопје.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (17.11.1956). Fond: 01.1013.0002.0067/0242 – 0249. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata po narodnoto prosvetuvanje vo opštinata Bistrica*“. Skopje.]

Државен архив на Република Македонија. (17.11.1956). Фонд: 01.1013.0002.0068/0250 – 0258. „*Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): Анализа за положбата по народното просветување во општината Новаци“*. Скопје.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (17.11.1956). Fond: 01.1013.0002.0068/0250 – 0258. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata po narodnoto prosvetuvanje vo opštinata Novaci*“. Skopje.]

Државен архив на Република Македонија. (18.11.1956). Фонд: 01.1013.0002.0069/0254 – 0258). „*Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): Анализа за положбата по народното просветување во општината Дихово*“. Скопје.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (18.11.1956). Fond: 01.1013.0002.0069/0254 – 0258). „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata po narodnoto prosvetuvanje vo opštinata Dihovo*“. Skopje.]

Државен архив на Република Македонија. (29.12.1956). Фонд: 01.1013.0002.0072/0269 – 0273). „*Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): Анализа за положбата на народното просветување во с. Манастир, општина Мариово*“. Скопје.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (29.12.1956). Fond: 01.1013.0002.0072/0269 – 0273). „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata na narodnoto prosvetuvanje vo s. Manastir, opština Mariovo*“. Skopje.]

Државен архив на Република Македонија. Фонд: 01.1013.0001.0048/0658 – 0682. *„Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): Извештај за работата на Советот за просвета и култура на Народна Република Македонија, за 1957 година*“.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. Fond: 01.1013.0001.0048/0658 – 0682. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Izveštaj za rabotata na Sovetot za prosveta i kultura na Narodna Republika Makedonija za 1957 godina*“.]

Државен архив на Република Македонија. (22.01.1957). Фонд: 01.1013.0002.0074/0276 – 0281. *„Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): „Анализа за положбата на народното просветување од Народниот одбор на општината Долнени*“. Битола.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (22.01.1957). Fond: 01.1013.0002.0074/0276 – 0281. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata na narodnoto prosvetuvanje od Narodniot odbor na opštinata Dolneni*“. Bitola.]

Државен архив на Република Македонија. (01.03.1957). Фонд: 01.1013.0002.0076/ 0289 – 0294. *„Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): „Анализа за положбата на народното просветување од Народниот одбор на општината Кривогаштани“*. Кривогаштани.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (01.03.1957). Fond: 01.1013.0002.0076/ 0289 – 0294. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata na narodnoto prosvetuvanje od Narodniot odbor na opštinata Krivogaštani*“. Krivogaštani.]

Државен архив на Република Македонија. (02.03.1957). Фонд: 01.1013.0002.0077/ 0295 – 0298. *„Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): „Анализа за положбата на народното просветување од Народниот одбор на општината Осломеј*“. Осломеј.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (02.03.1957). Fond: 01.1013.0002.0077/ 0295 – 0298. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata na narodnoto prosvetuvanje od Narodniot odbor na opštinata Oslomej*“. Oslomej.]

Државен архив на Република Македонија. (04.03.1957). Фонд: 01.1013.0002.0078/ 0299 – 0304. „*Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): „Анализа за положбата на народното просветување од Народниот одбор на општината Белчишта*“. Белчишта.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (04.03.1957). Fond: 01.1013.0002.0078/ 0299 – 0304. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata na narodnoto prosvetuvanje od Narodniot odbor na opštinata Belčišta*“. Belčišta.]

Државен архив на Република Македонија. (19.03.1957). Фонд: 01.1013.0002.0081/0311 -0316. „*Совет за просвета и култура на НРМ (1956 – 57): „Анализа за положбата на народното просветување во општината Прилеп*“. Прилеп.

[Državen arhiv na Republika Makedonija. (19.03.1957). Fond: 01.1013.0002.0081/0311 -0316. „*Sovet za prosveta i kultura na NRM (1956-57): Analiza za položbata na narodnoto prosvetuvanje od Narodniot odbor na opštinata Prilep*“. Prilep.]

Државен архив на Република Македонија, Скопје, Републички секретеријат за култура (1963-1965): *Елаборат: Досегашни постигања и перспективен развиток на културните дејности (1964-1970)*, 1964, кут.1, а.е. 0045/0445-0460, 448-449.

[Državen arhiv na Republika Makedonija, Skopje, Republički sekreterijat za kultura (1963-1965): *Elaborat: Dosegašni postiganja i perspektiven razvitok na kulturnite dejnosti (1964-1970),* 1964, kut.1, a.e. 0045/0445-0460, 448-449.]

## Литература


Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија. *Фолклорни друштва и групи во Македонија. URL:* https://www.minisel.gov.mk/kultura/folklorni-drustva-grupi-vo-makedonija/ (прегледано на Март 30, 2019).

„Активната дејност на КУД „Хади Башам". (1952). Во *Нова Македонија. Културен живот,* 5.

Арсовски-Болто, Миодраг. (1996.) *Културно уметничко друштво „Панче Пешев" Куманово.* Куманово: КУД „Панче Пешев": Просвета.

Аџипроданова, Б. (1960) „Јубилејни настапи на КУД „Борис Кидрич" од Струмица". Во *Нова Македонија*. *Културен живот,* 4.

Г., Г. (1964) „Ансамбл за разни националности". Во *Нова Македонија. Културен живот,* 4

Годишно собрание на Културно-уметничкото друштво „Христијан Карпош". (1951). *Нова Македонија*. *Културна хроника,* 2 .

„Годишно собрание на Културно-уметничкото друштво „Христијан Карпош" (1951). Во *Нова Македонија*. *Културна хроника,* 2

Диденко, Наташа. (2017)а. „Дејноста на музичките културно-уметнички организации во Македонија во 1958 година". Во *Македонски фолклор,* 72. 169-183.

Диденко, Наташа. (2017)б. „Традицијата-инспирација за народниот уметник Пеце Атанасоски". Во *Струшка музичка есен 2016*. 166-174

Димчевски, Ѓорѓи. (1983). *Вие се оро македонско.* Скопје: КУД „Гоце Делчев".

Д. К. (1951). „Од работата на младинското културно-уметничко друштво "Благоја Шошолчев" од Скопје". Во *Нова Македонија*. *Културен живот,* 2.

„Две нови културно-уметнички друштва во Скопје" (1950). *Нова Македонија. Културени вести,* 2.

Ѓоргиев, Љупчо Т., Киро, Герасимов. (2000). *Винички музички незаборав.* Виница: "Совет на општина Виница"; Кочани: НИГМ "Европа-92".

„Едногодишна плодна дејност на КУД „Сретко Крстевски" во Гостивар (1960). Во *Нова Македонија*. *Културен живот,* 4.

Јанев, Љубомир (ред). (2003). *Кочани и кочанско од праисторијата до денес*. Кочани.

Јордановски, Коле. (1993). *Скопје-катастрофа-обнова-искуство.* Скопје: Матица Македонска.

Ј.К. (1950) „Успеси во работата на КУД „Џеладин Зекири" од Тетово". Во *Нова Македонија*. *Културни вести,* 2.

„КУД „Мирче Веловски" од Цапари едно од најактивните во Битолско" (1959). Во *Нова Македонија*. *Културен живот,* 4.

„КУД „Кочо Рацин" ја слави петгодишнината од своето постоење" (1952). Во *Нова Македонија*. *Културна хроника*, 3.

К.В. (1979). „КУД од Брвеница-најактивно во општината" Во *Нова Македониј*а. Културен живот, 7

К.Д. (1952). „Ние ќе станеме најдобро друштво“. Во *Нова Македонија. Културна хроника,* 4.

К., Н. (1951). „Кратки културни вести“. Во *Нова Македонија. Културен живот,* 2.

Матиќ, Милица. (1951). „Културно-уметничко друштво „Димитар Влахов“- најмладо и најактиво во IV реон во Скопје“. Во *Нова Македонија. Културна хроника,* 4.

*„Орце Николов“- ансамбл за народни игри и песни.* (2002). Скопје: Ансамбл „Орце Николов.

Павловски, Јован (ред.). (2004). *Сто македонски години 1903-2003: енциклопедиски лексикон.* Скопје: МИ-АН.

П., А. (1951). „Успеси на КУД во селото Ростуша-Дебарска“. Во *Нова Македонија. Културен живот,* 2.

„Првите настапи на новоформираното уметничко друштво „Аки Баши“ во Гостивар (1950). Во *Нова Македонија.* Прослава на неделата на националната култура, 2

Поповски, П. (1956). „Една деценија културно-уметничка работа: разговор со Данче Шиндиловски, иницијатор за основање на КУД „Борка Левата“. Во *Нова Македонија. Културен живот,* 4.

Републички завод за статистика на Социјалистичка Република Македонија. (1971). *Статистички годишник на СР Македонија.* Скопје.

Светозаревиќ-Покорни, Бранислав. (2017). *Здружение за култура и уметност „Иљо Антески-Смок“-Тетово: културно пулсирање на времето (1922-1947-2017).* Тетово: Здружение за култура и уметност „Иљо Антески-Смок“.

Т. С. (1959). „Белешка: Зошто КУД „Стамен Манов’ во Кочани не настапува пред населението“. Во *Нова Македонија. Културен живот,* 4.

Тренески, Бошко (гл. ред). (1999). *Танец 50 години амблем на македонската култура и уметност.* Скопје: Ансамбл на народни игри и песни на Македонија „Танец“.

Указ за прогласување на законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија. (1957). Во *Службен весник на Народна Република Македонија,* 19. 325-334

Уредба за основање на „Државен ансамбл на народните игри и песни на НРМ“ (1948). Во *Службен весник на Народна Република Македонија,* 8. 68-69.

Цветаноска, Катерина. (2001). *Ансамбл за народни песни и ора „Кочо Рацин“ Скопје.* Скопје: Ансамбл за народни песни и ора „Кочо Рацин’.

Чакарјаневски, Ѓ., Т. Чепреганов и Аврамовски, С. (ред.). *Административно-територијални поделби во Македонија 1944-2004: документи.* Скопје: Институт за национална историја.

Borova, Sulejman. (1997). *Një jetë me Shoqërinë “Liman Kaba“ të Dibrës.* New York.

## References


*Agencija za iseleništvo na Republika Severna Makedonija* [Immigration Agency of the Republic of Northern Macedonia]. *Folklorni društva i grupi vo Makedonija* [Folk companies and groups in Macedonia]. URL: https://www.minisel.gov.mk/kultura/folklorni-drustva-grupi-vo-makedonija/ (accessed March 30, 2019). (In Macedonian).

*Aktivnata dejnost na KUD „Hadi Bašam"* [The Active Activity of KUD" Jadi Basham]. (1952). In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 5. (In Macedonian.)

Arsovski-Bolto, Miodrag. (1996). *Kulturno umetničko društvo „Panče Pešev" Kumanovo* [Cultural Artistic Association "Pance Pesev" Kumanovo]. Kumanovo: KUD „Panče Pešev": Prosveta. (In Macedonian.)

Adžiprodanova, B. (1960) *Jubilejni nastapi na KUD „Boris Kidrič"od Strumica* [Jubilee performances of CAS "Boris Kidric" from Strumica]. In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 4. (In Macedonian.)

Borova, Sulejman. (1997). *Një jetë me Shoqërinë "Liman Kaba" të Dibrës* [A Life with the "Liman Kaba" Society of Debar]. New York. (In Albanian).

Cvetanoska, Katerina. (2001). *Ansambl za narodni pesni i ora „Kočo Racin" Skopje* [Ensemble for narodni pesni "Kočo Racin" Skopje]. Skopje: Ansambl za narodni pesni i ora „Kočo Racin". (In Macedonian.)

Čakarjanevski, G., T. Čepreganov, Avramovski S. (Eds.). (2007). *Administrativno-teritorijalni podelbi vo Makedonija 1944-2004: dokumenti* [Administrative-territorial divisions in Macedonia 1944-2004: documents]. Skopje: Institut za nacionalna istorija. (In Macedonian.)

Didenko, Nataša. (2017)a. *Dejnosta na muzičkite kulturno-umetnički organizacii vo Makedonija vo 1958 godina* [The activity of music and cultural organizations in Macedonia in 1958]. In *Makedonski folklor* [Macedonian folklore], 72. 169-183. (In Macedonian.)

Didenko, Nataša. (2017)b. *Tradicijata-inspiracija za narodniot umetnik Pece Atanasoski* [The tradition-inspiration for folk artist Pece Atanasoski]. In *Struška muzička esen* 2016 [Struga Music Autumn 2016]. 166-174. (In Macedonian).

Dimčevski, Gorǵi. (1983). *Vie se oro makedonsko* [You are Macedonian dancer]. Skopje: KUD „Goce Delčev".

D. K. (1951) *Od rabotata na mladinskoto kulturno-umetničko društvo „Blagoja Šošolčev" od Skopje* [From the work of the youth cultural and artistic association "Blagoja Josholchev" from Skopje]. In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 2. (In Macedonian.)

Dve novi kulturno-umetnički društva vo Skopje [Two new cultural and artistic societies in Skopje]. (1950). In *Nova Makedonija. Kulturni vesti* [New Macedonia. Cultural news], 2. (In Macedonian.)

Ednogodišna plodna dejnost na KUD „Sretko Krstevski" vo Gostivar [One year fruitful activity of CAS "Sretko Krstevski" in Gostivar]. (1960). In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 4. (In Macedonian.)

G.,G. (1964). *Ansambl za razni nacionalnosti* [Ensemble for various nationalities]. In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 4. (In Macedonian.)

Godišno sobranie na kulturno-umetničkoto društvo „Hristijan Karpoš“ [Annual meeting of the Christian Karpos Cultural and Art Society]. (1951). In *Nova Makedonija*. *Kulturna hronika* [New Macedonia. Cultural chronicle]. 2. (In Macedonian).

Gorgiev T., Ljupčo T., Kiro, Gerasimov. (2000). *Vinički muzički nezaborav. Vinica: "Sovet na opština Vinica"* [Vinica music unforgettable. Vinica: "Council of the Municipality of Vinica"]. Kočani: NIGM "Evropa-92". (In Macedonian.)

J. K. (1950). *Uspesi vo rabotata na KUD „Dželadin Zekiri“ od Tetovo* [Success in the work of CAS "Xheladin Zekiri" from Tetovo]. In *Nova Makedonija. Kulturni vesti* [New Macedonia. Cultural news], 2. (In Macedonian.)

Janev, Ljubomir (ed). (2003). *Kočani I kočansko od praistorijata do denes* [Kocani and Kocanian people from prehistoric times until today]. Kočani. (In Macedonian.).

Jordanovski, Kole. (1993). *Skopje-katastrofa-obnova-iskustvo* [Skopje-disaster-renewal-experience]. Skopje: Matica Makedonska. (In Macedonian.)

K. B. (1979). *KUD od Brvenica-najaktivno vo opštinata* [KUD from Brvenica – most active in the municipality]. In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 7. (In Macedonian.)

K. D. (1952). *Nie ḱe staneme najdobro društvo* [We will become the best company]. In *Nova Makedonija. Kulturna hronika* [New Macedonia. Cultural chronicle], 4. (In Macedonian.)

K., N. (1951). *Kratki kulturni vesti* [Short cultural news]. In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 2. (In Macedonian.)

*KUD „Mirče Velovski“ od Capari edno od najaktivnite vo Bitolsko* [CAS "Mirce Velovski" from Capari one of the most active in Bitola]. (1959). In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 4. (In Macedonian.)

*KUD „Kočo Racin“ ja slavi petgodišninata od svoeto postoenje* [CAS "Koco Racin" celebrates the fifth anniversary of its existence]. (1952). In *Nova Makedonija. Kulturna hronika* [New Macedonia. Cultural chronicle], 3. (In Macedonian).

Matiḱ, Milica. (1951). *Kulturno-umetničko društvo „Dimitar Vlahov“-najmlado i najaktivno vo IV reon vo Skopje* [Cultural and artistic association "Dimitar Vlahov" – youngest and most active in IV region in Skopje]. In *Nova Makedonija. Kulturna hronika* [New Macedonia. Cultural chronicle], 4. (In Macedonian.)

*„Orce Nikolov“ – ansambl za narodni igri i pesni* ["Orce Nikolov" – Ensemble for folk dances and songs]. (2002). Skopje: Ansambl „Orce Nikolov“. (In Macedonian.)

P., A. (1951). *Uspesi na KUD vo seloto Rostuša-Debarsko* [KUD successes in the village of Rostusha-Debarska]. In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 2. (In Macedonian.)

Pavlovski, Jovan (ed.). (2004). *Sto makedonski godini 1903-2003: enciklopediski leksikon* [One Hundred Macedonian Years 1903-2003: An Encyclopedic Lexicon]. Skopje: MI-AN. (In Macedonian.)

Popovski, P. (1956). *Edna decenija kulturno-umetnička rabota: razgovor so Danče Šindilovski, inicijator za osnivanje na KUD „Borka Levata“* [A decade of cultural and artistic work: a conversation with Dance Jindilovski, the initiator for the founding of the KUD „Borka Levata“]. In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 4. (In Macedonian.)

Prvite nastapi na novoformiranoto umetničko društvo „Aki Baši“ vo Gostivar [The first performances of the newly formed Aki Bashi Art Society in Gostivar]. (1950). In *Nova Makedonija. Proslava na nedelata na nacionalnata kultura* [New Macedonia. Celebration of National Culture Week], 2. (In Macedonian.)

*Republički zavod za statistika na Socijalistička Republika Makedonija* [National Statistical Office of the Socialist Republic of Macedonia]. (1971). *Statistički godišnik na SR Makedonija* [Statistical Yearbook of SR Macedonia]. Skopje. (In Macedonian.)

Svetozareviḱ-Pokorni, Branislav. (2017). *Združenie za kultura i umetnost „Iljo Anteski-Smok“-Tetovo: kulturno pulsiranje na vremeto* [Feeding on the culture of the "Iljo Anteski-Smok" – Tetovo culture: cultivate a pulse] *(1922-1947-2017).* Tetovo: Združenie za kultura i umetnost „Iljo Anteski-Smok“. (In Macedonian.)

T. S. (1959). *Beleška: Zošto KUD „Stamen Manov“ vo Kočani ne nastapuva pred naselenieto* [Note: Why the CAS “Stamen Manov” in Kocani does not appear in front of the population]. In *Nova Makedonija. Kulturen život* [New Macedonia. Cultural life], 4. (In Macedonian.)

Treneski, Boško (ed.). (1999). *Tanec 50 godini amblem na makedonskata kultura i umetnost* [Dance 50 years emblem of Macedonian culture and art]. Skopje: Ansambl na narodni igri i pesni na Makedonija „Tanec“. (In Macedonian.)

*Ukaz za proglasuvanje na zakonot za podračjata na okoliite i opštinite vo Narodna Republika Makedonija* [Decree on Declaration of the Law on the Areas of the Districts and Municipalities in the People's Republic of Macedonia]. (1957). In *Služben vesnik na Narodna Republika Makedonija* [Official Gazette of the People's Republic of Macedonia], 19. 325-334. (In Macedonian.)

*Uredba za osnivanje na „Državen ansambl na narodnite igri i pesni na NRM“* [Decree establishing the "State Ensemble of National Games and Songs of the NRM"]. (1948). In *Služben vesnik na Narodna Republika Makedonija* [Official Gazette of the People's Republic of Macedonia], 8. 68-69. (In Macedonian.)